**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Национален совет за евроинтеграции**
бр. 30- 5227/1
14 декември 2009 година

Почитувани,

Националниот совет за евроинтеграции продолжува со организирање на јавни расправи за законите за кои е неопходна поширока дебата, а која ќе овозможи донесување на квалитетни закони и квалитетна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија.

Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции Ве поканува да учествувате на

**"Јавната расправа по работната верзија на Предлог законот за авторското право и сродните права".**

Јавната расправа ќе се одржи на **22 декември (вторник) 2009 година, од 10.00 до 12.30 часот, во Собранието на Република Македонија, во сала Борис Трајковски**.

Во прилог на вашата електронска пошта Ви се доставуваат:

1. Работната верзија на Предлог законот за авторското право и сродните права,
2. Анализа на Политиката на ЕУ за заштита на интелектуалната сопственост и правната рамка, изготвена од Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции,
3. Директивата 2004/48/ЕС на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, за спроведување на правата на интелектуална сопственост.

Ве молиме Вашето учество да го потврдите најдоцна до 21 декември (понеделник) 2009 година на email: nsei@sobranie.mk, тел. 311 22 55, локал 289.

Со почит,

**Претседател на**
**Националниот совет за евроинтеграции,**

**Радмила Шекеринска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ